Влада на Република Северна Македонија

**П Р И Л О Г**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | **Министерство за труд и социјална политика** |
| Назив на предлогот на закон: | **Предлог на Закон за социјални претпријатија** |
| Одговорно лице и контакт информации: | Маја Папатолевска<br>MPapatolevska@mtsp.gov.mk<br>Анкица Ивановски<br>AIvanovska@mtsp.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Друго: Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021 – 2023 година |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Има и поврзаноста се однесува на Соопштение на Европската Комисија до Европскиот парламент, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на регионите Изградба на економија за граѓаните: Акциски план за социјална економија COM/2021/778 final. |

| | |
|---|---|
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br><br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 6.11.2023 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 17.11.2023 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 24.11.2023 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1. Опис на состојбите

Владата на Република Северна Македонија во 2021 година согласно Програмата за работа на Владата на РСМ 2020-2024 година, донесе Националната стратегија за развој на социјални претпријатија со Акциски план за спроведување на истата. Во истата се дефинирани основните цели и клучните активности за периодот 2021-2027 година. Во Стратегијата се утврдија пет пакет мерки, групирани во пет приоритети за 2021-2027 година, со чие спроведување ќе се создаде соодветна правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија. Со првиот приоритет од Стратегијата со утврдените мерки и активности во Акцискиот план, кој е во насока на

воспоставување поволна правна рамка која обезбедува еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија, односно се предвиде подготовка на законска рамка.

### 1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Препознавање на значењето за функционирање на социјалните претпријатија, согласно искуствата во Европската унија, за решавање на проблеми на лица во социјален ризик, и нивното влијание за развој на економијата, ја наметна потребата за правно уредување на функционирање на социјалните претпријатија.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со Предлогот на Законот, ќе се овозможи развој на социјалното претприемништво преку функционирање на социјални претпријатија, како и создавање на поволна деловна средина за развој на социјалните претпријатија, нивно правно признавање, видливост и стекнување доверба во социјалните претпријатија од страна на институциите, финансиски институции и други општествени чинители.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Доколку не се донесе законот, претпријатијата кои функционираат како социјални претпријатија нема да се препознаат, нема да има можност за поттикнување и развој на нови социјални претпријатија, се ограничува можноста за користење на резервираните клаузули од Законот за јавни набавки, а со тоа нема да има основ за поттикнување и развој на социјалното претприемништво. Покрај тоа социјално ранливите групи потешко ќе се интегрираат на пазарот на труд.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Донесување на Закон за социјални претпријатија во кој ќе се утврди јасна правна рамка за функционирање на социјални претпријатаија, јасна и транспарентна постапка за стекнување на статус на социјално претпријатие, права и обврски на социјалните претпријатија и лицата кои ги користат услугите кај нив, инструменти за поттикнување и поддршка за отварање на нови социјални претпријатија, дефинирање на условите за располагање со вишокот на приходи преку пренамена на истата, дефинирање на посебни форми на социјални претпријатија и видот на

услугите кои ги пружаат на најранливите категории на граѓани, систем на поддршка на социјалните претпријатија, систем за следење на нивното работење и сл.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

Предлог Закон ќе има влијанија врз економскиот развој на земјата, создавање на нови работни места, и подобрување на вработливоста на лицата од социјално ранливи групи.

### 4.2 Фискални влијанија

Ова законско решение ќе има фискални влијанија врз Буџетот на Република Северна Македонија и тоа околу 88 милиони денари за првата година од примената на законот.

### 4.3 Социјални влијанија

Предлог на Законот ќе доприне за стекнување на нови квалификации, компетенции, знаења и вештини на лицата во ризик од социјална исклученост преку обука и практична работа, со цел полесен пристап до пазарот на труд. Покрај тоа, ќе допринесе за интегрирање на пазарот на трудот на лицата, со вклучување во работен процес. Со тоа ќе се создадат еднакви шанси за сите и еднакво општество, и ќе имаат значајна улога за намалување на сиромаштијата на најранливите категории на граѓани.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Се очекува позитивно влијани врз животната средина преку активностите кои ќе ги реализираат социјалните претпријатија.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување /

Има

б) трошоци за почитување на регулативата /

Нема

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Законот е подготвен преку консултативен процес , за што беше формирана Работна група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво  со претставници од ресорни министерства, органи и институции и тоа Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за економија, Агенција за поддршка на претприемништвото, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Централниот регистер на Република Северна македонија, Управата за извршување на санкции, претставници на социјални претпријатија и  претставници на граѓански организации. Во  рамки на ИПА Проектот „Поддршка на социјални претпријатија", финансиран од Европската Унија и  се вклучија  меѓународни и домашни експерти. Одржани се и 10 работни средби на кои присуствуваа засегнатите страни.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

ќе се пополни по завршување на процесот на консултаци на ЕНЕР.

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

ќе се пополни по завршување на процесот на консултаци на ЕНЕР.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Предложените законски решенија  ќе го поттикнат социјалното претприемништво преку отварање и работа на социјални претпријатија, отварање на нови работни места и вклучување на најранливите групи на пазарот на трудот.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Обезбедување на соодветан износ на ( доволен) финансиска поддршка од страна на Буџетот на Република Северна Македонија.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Со донесување на Закон ќе се утврдат целите и принципите, карактеристиките, условите и критериумите за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие, условите за работа, инструментите за поддршка и развој, посебните услови за работа на социјалните претпријатијата за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјалните претпријатија за работна интеграција, надлежностите на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија, развој, спроведување и следење политики за поддршка на социјалните претпријатија, евиденцијата, надзорот над работа на социјалните претпријатија и други прашања од значење за социјалните претпријатија. Донесувањето на законот ќе овозможи сигурност на постојните претпријатија кои функционираат како такви, рамка за финансиска поддршка и мониторинг на социјалните претпријатија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Законот ќе предизвика соодветни промени во следните закони: Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Законот за социјална заштита, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Законот за работните односи, Законот за данок на личен доход, Законот за волонтерство и Законот за здруженија и фондации.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

За имплементација на Законот потребно е да се донесат следниве подзаконски:

1. Правилник за начинот на избор, именување и разрешување на членовите на Комисијата за социјални претпријатија.
2. Правилник за формата и содржината на барањето за стекнување на статус на социјално претпријатие.
3. Правилник за Формата и содржината на образецот на годишен извештај за работата на социјалното претпријатие.
4. Правилни за формата и содржината на програма за социјална реинтеграција и работно ангажирање.
5. Правилник за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач за избор на Оператор на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија.
6. Правилник за начинот на избор, именување и разрешување на членовите на Националниот совет за социјално претприемништво.

7. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на социјални претпријатија.
8. Правилник за определување на квантитативни и квалитативни критериуми за објавување на јавен повик за доделување на средства за поддршка на социјалните претпријатија.
9. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на плата.
10. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на придонеси од задолжително социјално осигурување (член 32).
11. Правилник за Формата и содржината на барањето и начинот на исплатата, на субвенции на придонеси од задолжително социјално осигурување (член 42).

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Министерство за труд и социјална политика

Министерство за финансии

Министерство за економија

Управа за јавни приходи

Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Меѓу-општински центри за социјална заштита

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

За ефикасно спроведување на законот, истиот ќе биде објавен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика по неговото објавување во

„Службен весник на Република Северна Македонија", во утврдениот рок ќе се донесат подзаконските акти, ќе се формираат Националниот совет за социјално претприемништво, ќе се формира Комисија за статус на социјални претпријатија и ќе се избере Оператор за поддршка на Центарот за поддршка на социјални претпријатија.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следењето ќе биде спроведено од страна на Министерството за труд и социјална политика и Националниот совет за социјално претприемништво

## 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Ефектите ќе се следат на годишно ниво преку доставување на извештаи од страна на социјалните претпријатија и спроведување од страна на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија.

Ефектите можат да се согледаат најрано една година од донесувањето на примената на законот и се очекува да се зголеми бројот на вработување на најранливите групи на пазарот на трудот за 10%.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** ...............................................

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** ...............................................

**потпис на министерот**